АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ ВО 2015 ГОДИНА

Скопје, 2016 година

*Извештајот е изготвен во согласност со членот 158-п од Законот за супервизија на осигурување и за неговото изготвување Агенцијата за супервизија на осигурување користеше податоци од сопствената евиденција.*

# СОДРЖИНА

1. ОСНОВАЊЕ И МИСИЈА 4

2. ФИНАНСИРАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ 5

3. АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ 5

3.1. Регулатива 6

3.2. Лиценцирање 6

3.3. Супервизија 7

4. СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ И СО МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ 9

5. ЕДУКАЦИЈА И ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ 10

6. ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА 11

7. ПРОЕКТИ 12

# 1. ОСНОВАЊЕ И МИСИЈА

Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Македонија (во понатамошниот текст „АСО“) е самостојно и независно регулаторно тело кое врши јавни овластувања, утврдени со Законот за супервизија на осигурувањето и Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.

Законските надлежности на АСО се однесуваат на:

- Спроведување на супервизија над друштвата за осигурување, осигурителните брокерски друштва, друштвата за застапување во осигурувањето, осигурителните брокери и застапниците во осигурувањето, правните лица кои се поврзани со друштвата за осигурување и Националното биро за осигурување;
- Донесување подзаконски акти;
- Одлучување за издавање или одземање дозволи, давање или повлекување согласности, отстранување на незаконитости од спроведените супервизии и други поединечни прашања; како и
- Изрекување мерки врз друштва за осигурување, осигурително брокерски друштва, друштва за застапување во осигурување и други правни и физички лица врз кои АСО има надлежност да спроведува супервизија.

Во рамките на своите овластувања и надлежности, како и преку членството во меѓународни асоцијации од областа на осигурувањето и соработка со други надзорни органи, АСО има за цел да придонесе за зајакнување и поттикнување на развојот на осигурителниот пазар во земјава, создавајќи на тој начин адекватна заштита на правата и интересите на осигурениците и другите корисници на осигурувањето.

Улогата на АСО на пазарот на осигурувањето е насочена кон зајакнување на солвентната позиција на друштвата за осигурување, подобрување на начинот на финансиското известување на овие субјекти, унапредување на корпоративното работење и на процесите на работа во овие субјекти. АСО влијае врз зајакнувањето на нивото на финансиска контрола и поголемата финансиска стабилност на земјава, создавајќи на тој начин адекватна заштита на правата и интересите на осигурениците и на корисниците на осигурување.

АСО за својата работа одговара пред Собранието на Република Македонија. Собранието го усвојува финансискиот план на АСО, како и годишната сметка која мора да биде ревидирана од страна на независен овластен ревизор.

Орган на управување на АСО е Советот на експерти, составен од претседател на Советот и 4 члена. Претседателот и четирите членови на Советот на експерти на АСО ги именува и ги разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија. Во 2015 година Советот на експерти на АСО беше составен од:

- д-р Климе Попоски, претседател,
- Зоран Стојановски, извршен член,
- Лулзим Имери, извршен член,
- Илија Граорковски, неизвршен член, и
- м-р Александар Петрески, неизвршен член.

Во текот на 2015 година АСО активно работеше за реализација на законски утврдените функции, како од аспект на унапредување на регулативата, издавање и одземање дозволи, согласности и лиценци, така и од аспект на супервизијата на сите учесници во работењето на пазарот на осигурување во Република Македонија.

Советот на експерти работи на седници и донесува одлуки со мнозинство гласови од вкупниот број членови. Во текот на 2015 година Советот на експерти на АСО одржа 31 седница.

## 2. ФИНАНСИРАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Во согласност со Тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурување и роковите за уплата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 147/09, 149/09, 154/09, 20/12, 130/13 и 01/15), работењето на АСО се финансира со надоместоци што ги наплатува од друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва, друштвата за застапување во осигурувањето и другите лица врз кои АСО спроведува супервизија.

Советот на експерти на седницата одржана на 29 декември 2015 година го донесе финансискиот план на АСО за 2016 година и истиот го достави до Собранието на Република Македонија заради усвојување.

## 3. АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Во согласност со приоритетите поставени за 2015 година, АСО донесе подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за супервизија на осигурување, супервизорски мерки, одлуки од доменот на лиценцирањето, организираше циклус на едукација и испити за осигурителни застапници и брокери, како и бројни акти со цел поддршка на работата и зајакнување на внатрешните капацитети на АСО.

## 3.1. Регулатива

Во текот на 2015 година се донесени 2 нови подзаконски акта и 2 подзаконски акта кои уредуваат измени и дополнувања на претходно донесени подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/02, 98/02, 79/07, 88/08, 67/10, 44/11, 112/11, 188/13, 30/14, 43/14, 112/14, 153/15 и 192/15).

Новите правилници се донесоа заради потребата од пропишување на условите, начинот и постапката на спроведување на обуки за вршење осигурително брокерски работи и работи на застапување во осигурување со цел усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување (Службен весник на Република Македонија бр. 188/13) и тоа се:

1. Правилник за начинот и постапката за спроведување на обука за вршење осигурително брокерски работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/15); и

2. Правилник за начинот и постапката за спроведување на обука за вршење работи на застапување во осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/15).

Исто така, во текот на 2015 година, со цел усогласување со Законот за заштита на лични податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08, 124/08, 124/10, 135/11, 43/14 и 153/15), направени се измени и во два претходно донесени подзаконски акта кои се однесуваат на начинот на водење на регистри на застапници во осигурувањето, друштва за застапување во осигурувањето, осигурителни брокери, осигурително брокерски друштва и банки, односно донесе:

1. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење регистри на застапници во осигурувањето, друштва за застапување во осигурувањето, осигурителни брокери, осигурително брокерски друштва и банки од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/15); и

2. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење регистри на застапници во осигурувањето и осигурителни брокери од страна на друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/15).

## 3.2. Лиценцирање

Во доменот на лиценцирањето, АСО во 2015 година издаде:

- 1 дозвола за основање осигурително брокерско друштво ;
- 3 дозволи за основање друштво за застапување ;
- 3 дозволи за воведување нова класа на осигурување;

- 1 дозвола за пренос на осигурително портфолио од АДОР МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ во ВИНЕР ЛАЈФ АД Скопје;
- 10 согласности за вршење функција член на орган на управување;
- 12 согласности за измена на Статут на друштво за осигурување;
- 15 согласности за друштва за ревизија на финансиските извештаи и консолидираните финансиски извештаи на друштвата за осигурување;
- 1 согласност за стекнување квалификувано учество во друштво за застапување во осигурување;
- 1 согласност за стекнување квалификувано учество во осигурително брокерско друштво;
- 1 согласност за измена на назив на седиште;
- 214 лиценци за застапници во осигурувањето; и
- 59 лиценци за осигурителни брокери.

Во 2015 година се издадени 59 лиценци за осигурителни брокери, со што вкупниот број на лиценцирани осигурителни брокери на 31.12.2015 година изнесуваше 436. Во текот на 2015 година беа одржани 2 обуки за осигурителни брокери, а вкупниот број на лица кои ги посетувале обуките е 94. Како составен дел на спроведените обуки во текот на годината беа организирани 12 испити на кои 34 лица го положиле испитот.

Исто така, о текот на 2015 година се издадени вкупно 214 лиценци за застапник во осигурувањето, а одземени се 72 лиценци, со што вкупниот број на лиценцирани застапници во осигурувањето на 31.12.2015 година изнесуваше 976. Низ процесот на едукација поминале 192 лица, организирани во 2 обуки за застапници во осигурувањето. Како составен дел на спроведените обуки беа организирани и 12 испити на кои 99 лица го положиле испитот.

## 3.3. Супервизија

АСО спроведува супервизија на друштвата за осигурување, осигурителните брокерски друштва, друштвата за застапување во осигурувањето и Националното биро за осигурување, во согласност со Законот за супервизија на осигурување, Законот за задолжително осигурување во сообраќајот и другите релевантни прописи. Исто така, АСО има надлежност да спроведува супервизија на физичките лица кои вршат осигурителни брокерски работи и работи на застапување во осигурувањето.

АСО ја спроведува супервизијата преку: перманентна вонтеренска супервизија на работењето на друштвата за осигурување и другите осигурителни субјекти преку прибирање, анализирање и верифицирање на доставените извештаи и информации, како и преку теренска (целосна или делумна) супервизија на работењето на осигурителните субјекти.

Во делот на супервизијата, во согласност со усвоениот годишен План за супервизија, АСО спроведува теренска супервизија на работењето на друштвата за осигурување, осигурително

брокерските друштва и друштвата за застапување. Целта на теренската супервизија е оценување на сигурноста, стабилноста, ризичноста и усогласеноста на работењето на друштвото.

Во текот на 2015 година, АСО спроведе 8 делумни теренски супервизии кај друштвата за осигурување, како и 3 вонредни теренски супервизии на осигурително брокерски друштва.

Врз основа на спроведените теренски супервизии, АСО издаде 67 наредби за отстранување на незаконитостите.

Во текот на 2015 година, АСО спроведуваше редовна вонтеренска супервизија, која е заснована на известувања на учесниците на пазарот на осигурување. Известувањата, покрај во хартиена форма, се доставуваат и по електронски пат преку АСО порталот, кој претставува софтверска апликациска платформа, имплементирана од страна на АСО, а со цел да се подобри начинот на прибирање, чување и обработка на податоци од субјектите на пазарот на осигурување. Поголем дел од податоците од друштвата за осигурување се доставуваат на квартална основа преку сет извештаи (статистички обрасци; финансиски извештаи; извештај за вреднување на ставки од билансот на состојба; супервизорски извештаи; дополнителни финансиски извештаи и актуарски извештај), а дел на месечна основа (извештај за коефициентите на ликвидност). Исто така, и осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурувањето на месечна основа доставуваат податоци за наплатена и пренесена премија, на квартална основа доставуваат статистички обрасци за структурата и обемот на работите за посредување во осигурување, а на годишна основа доставуваат финансиски извештаи.

Во текот на 2015 година АСО издаде 1 наредба за отстранување на незаконитостите врз основа на спроведената вонтеренска супервизија.

За утврдените прекршоци, овластените лица на АСО, во рамките на своите овластувања, на сторителот на прекршокот му нудат посредување и постигнување согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки или да ги отстрани последиците од прекршокот. Постапката за посредување во АСО се води пред Комисија за посредување, составена од вработени лица во АСО, именувани од Советот на експерти. Во 2015 година Комисијата за посредување при АСО спроведе постапка за посредување за 11 прекршоци. Притоа се постигнати:

- 1 спогодба за отстранување на последици од прекршок; и
- 10 спогодби за плаќање глоба.

За прекршоците утврдени во Законот за супервизија на осигурување, АСО води прекршочна постапка и изрекува прекршочна санкција. Прекршочната постапка пред Прекршочниот орган ја води Комисијата за одлучување по прекршок, формирана од вработени лица во АСО, именувани од Советот на експерти. Комисијата за одлучување по прекршок на АСО во 2015 година немаше добиено ниту едно барање за спроведување прекршочна постапка.

## 4. СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ И СО МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ

Еден од главните приоритети на АСО за 2015 година е продолжување на интензивната соработка со домашните регулаторни органи и други надлежни институции, како и со супервизорски тела и институции од странство. Во таа насока, се потпишаа 2 меморандуми за соработка, со Управата за јавни приходи на Република Македонија и Народната банка на Србија, која е одговорна институција за спроведувањето на супервизијата на осигурување во Србија.

На ден 11.2.2015 година, во просториите на АСО, беше потпишан Колективен договор за независни регулаторни тела, што претставува потврда за довербата помеѓу социјалните партнери и уште една норма на секторско ниво која ќе придонесе за унапредување на правата и обврските од работен однос.

На покана на регулаторните тела на земјите-членки на ЕУ, претставници на АСО учествуваа и во работата на 6 супервизорски колеџи кај регулаторните институции во 3 земји-членки на ЕУ, и тоа: во Австрија, Бугарија и Словенија. Супервизорските колеџи ги организираат регулаторните тела на ЕУ, согласно со насоките на Европското тело за осигурување и пензиски фондови (EIOPA) со цел подобар надзор на осигурителните групации кои се присутни во повеќе земји-членки на ЕУ и земји кои се во различна фаза во пристапните процеси во ЕУ. Супервизорските колеџи претставуваат одлична можност за размена на искуства и заедничка примена на методологија.

Со цел промовирање на регионалната соработка, претставници на АСО учествуваа на 2 редовни средби на Иницијативата за супервизија на осигурувањето на земјите од Централна, Источна и Југоисточна Европа (CESEE), чија цел е размена на искуства во делот на спроведување супервизија на друштвата за осигурување, како и хармонизирање на законската и подзаконската регулатива во областа на осигурувањето.

Претставници на АСО учествуваа во работата на 22-годишната конференција на Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори (IAIS), каде што АСО е редовен член и учествува во работењето на работните групи. Претставник на АСО учествуваше во работата на Супервизорскиот форум на Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори (IAIS) – работно тело формирано во 2011 година, чија цел е да ја зајакне ефикасноста на супервизијата на осигурувањето и да се поттикне изедначување на супервизорските практики.

Исто така, претставници на АСО учествуваа на единаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција и на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика, составен дел на Комитетот за стабилизација и асоцијација (КСА), на кои беа презентирани достигнувањата во секторот на осигурувањето во Република Македонија, во делот на остварување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската Унија.

## 5. ЕДУКАЦИЈА И ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ

Во насока на ефикасно спроведување на своите законски надлежности и активности, АСО континуирано вложува во зајакнување на човечките ресурси преку воспоставување и имплементација на систем на континуирана едукација и стручно усовршување на вработените. Во рамките на активностите за развој на овие ресурси, АСО во 2015 година ги зајакна своите капацитети преку воспоставување и имплементација на систем на континуирана едукација и стручно усовршување на вработените.

Во насока на едукација и стручно усовршување на вработените од АСО, се реализираа посети на семинари, конференции и регулаторни тела за осигурување. Позначајни од нив се:

- Учество на семинар на тема „Кибернетска сигурност и осигурување на ризици, поврзани со информационата технологија“, Загреб, Хрватска, март 2015 година;
- Учество на семинар на тема „Практичен пристап на методологијата за формирање на тарифи на осигурување“, Бања Лука, Босна и Херцеговина, март 2015 година;
- Учество на XVI годишно советување на тема „Осигурителното право, државната управа и транспарентност – основи на правната сигурност“ во организација на АИДА Србија - здружение за осигурително право на Република Србија, Палиќ, Србија, април 2015;
- Учество на конференција за осигурување на моторни возила насловена „Профитабилноста во осигурувањето на моторни возила“, Истанбул, Турција, април 2015 година;
- Учество на конференција „Предизвици и пракса на супервизијата на друштвата за осигурување“, Загреб, Хрватска, мај 2015 година;
- Учество на IV конференција на Меѓународната актуарска асоцијација, Љубљана, Словенија, мај 2015 година;
- Учество на Меѓународниот осигурителен форум на тема „Имотното осигурување во несигурни времиња“, Минхен, Германија, јуни 2015 година;
- Учество на Меѓународната програма за осигурителни и пензиски супервизори насловена „Балансирање на потребата за супервизорски активности и пропорционалност“, во организација на Торонто центарот, Монтреал, Канада, јули 2015 година;
- Учество на Светскиот економски конгрес за ризици и осигурување (WRIEC), Минхен, Германија, август 2015 година;
- Учество на Регионалната конференција за Солвентност 2, Љубљана, Словенија, септември 2015;
- Учество на IV Конференција за Глобалната супервизија во осигурувањето, Франкфурт, Германија, август 2015 година;
- Учество на семинар на тема „Ризик и Солвентност 2“, во организација на Македонското актуарско здружение „Актуар“, Скопје, септември 2015 година;
- Учество на Регионален семинар за ризично базирана супервизија и рана интервенција, Братислава, Словачка, октомври 2015 година;

- Учество на семинар  на тема „Здравствено осигурување: Од актуарска појдовна точка до развој на производ“ во организација на Европската актуарска академија, Виена, Австрија, декември 2015 година.

На ден 27.2.2015 година, во просториите на Народната банка на Република Македонија (НБРМ), се одржа работилницата на тема: „Истакнување на потенцијалните влијанија на природните катастрофи врз работењето на комерцијалните банки“. Работилницата беше организирана како заеднички проект на НБРМ и АСО, со цел зголемување на свеста за ризиците за банките, како и за целокупниот финансиски систем на земјава, коишто произлегуваат од катастрофалните ризици и временските непогоди, во услови на недостаток на доволно механизми за нивно ублажување. На работилницата беше даден осврт за ниското ниво на пенетрацијата за осигурувањето на имот и природни катастрофи во земјава, како и за потенцијалните влијанија на природните катастрофи врз работата на комерцијалните банки и финансискиот систем на земјава. Исто така, беше истакната улогата на Европа Ре во подигнувањето на свеста на населението и деловните субјекти за влијанието на природните катастрофи и развојот на осигурувањето од катастрофални ризици во регионот преку осигурителен модел развиен од Европа Ре.

АСО на 11 септември 2015 година, организираше меѓународна конференција насловена „Предизвиците и трендовите на глобалната осигурителна индустрија и нивното влијание на осигурителната индустрија во Македонија“. Конференцијата имаше за цел да ја запознае релевантната домашна јавност со глобалните трендови и предизвици во осигурителната индустрија. На конференцијата беа присутни истакнати гости предавачи, претставници од регулаторни тела, локалната осигурителната индустрија, академската заедница и претставници од јавни институции од земјава.

## 6. ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА

Основната цел и главен приоритет во дејствувањето на АСО е постигнувањето високо ниво на заштита на потрошувачите. Во оваа насока, во текот на 2015 година, АСО ги продолжи активностите за едукација на граѓаните за значењето и улогата на осигурувањето, како и информирање за правата и обврските на осигурениците кои произлегуваат од различни продукти на осигурување.

Во март 2015 година во Македонија се одржа Глобална недела на пари, која беше дел од активностите што Координациското тело за финансиска едукација[1] ги презеде како дел од светската недела на пари, која, пак, е во организација на Меѓународната организација за финансиска едукација на деца и млади. Целта на оваа организација е да ги поттикне децата и

[1] Во Координациското тело за финансиска едукација покрај АСО членуваат и НБРМ, Министерството за финансии, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување и Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија

младите да инвестираат во нивната иднина, со тоа што ја потенцира важноста на раната финансиска едукација, за да им помогне на децата да станат свесни за нивните финансиски права, да ја олесни пристапноста до финансиските услуги и да ги развие нивните финансиски вештини. Претставници на АСО во средните училишта ги презентираа на тема осигурување основните поими на осигурување и управување со ризици во осигурување. Исто така, АСО во соработка со Министерството за образование и Националното биро за осигурување, промовираше друштвена детска игра „Помалку ризик, повеќе забава“.

На заедничка иницијатива на Министерството за финансии, АСО и НБРМ беше објавен конкурс за деца и млади од основното и средното образовани на тема штедење и осигурување. На конкурсот пристигнаа 310 творби, од кои 51 литературни и 259 ликовни. Дипломи и парични награди добија 12-те најуспешни, а беа доделени и пофалници на училиштата кои учествуваа во конкурсот.

На 2 ноември 2015 година АСО го одбележа „Денот на осигурувањето“ со пригодна свеченост во чии рамки му беше доделена награда за млад истражувачки труд од областа на осигурувањето и управувањето со ризик на Ристо Бајатов, за трудот со наслов „Анализа на смртноста на корисници на ануитет од повеќе земји и корекција на македонски популациски таблици на смртност“.

Во насока на заштита на правата на осигурениците, АСО постапуваше по предмети доставени од осигуреници, корисници на осигурување и трети оштетени лица, кои не биле задоволни од постапувањето на друштвата за осигурување. Во текот на 2015 година се поднесени **110** претставки, при што:

- **81** претставки се решени, од кои **37** во корист на подносителите на претставките;
- **17** претставки се без основа за постапување; и
- **12** претставки се во процес на решавање.

## 7. ПРОЕКТИ

АСО, со цел подобрување на квалитетот на работните процеси, го заокружи започнатиот проект за имплементација на систем за управување со квалитет. По успешно спроведената подготвителна фаза, АСО во септември 2015 година се стекна со сертификат за систем за управување со квалитет, согласно со стандардот ISO 9001:2009, издаден од акредитирана организација.

Во рамките на програмата на Европската Унија, преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА) ТАИБ 2012, Компонента 1, Сектор 3, мерка 2 - MK12/IB/FI/01 Министерството за финансии и АСО го започнаа процесот за спроведување на проектот „Понатамошно усогласување со ЕУ во областа на осигурување и зголемување на пазарните активности“. Неговото спроведување започна со подготовка на проектна документација која беше циркулирана до Националните

твининг контакт лица на земјите-членки на ЕУ. По добивањето на поднесоците и извршената оценка на поднесоците за спроведување на твининг проектот за твининг партнер беше избран Генералниот директорат за осигурување и пензиски фондови од Кралството Шпанија. Проектот ќе се спроведува во период од 18 месеци во текот на 2016 и 2017 година.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Претседател на Советот на експерти,

Климе Попоски

Број 02-483/5
Скопје
27.6.2016 година